РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12- 1685/4
10 -09- 2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на продолжението на 51-вата седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12-1685/1 од 26.04.2021 година од страна на познат подносител- -------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, во предметот со број 12-1685 од 2021 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1685/1 од 26.04.2021 година.

Предметот со број 12-1685 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1685 од 2021 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12-1685/1 од 26.04.2021 година, од познат подносител - -----------------, и истата е доставена преку веб апликација за пријавување на корупција.

Во пријавата се укажува на нерегуларности во ЈП --------- од -----------, во делот на вработувањето на директорот --------- и заменик директорот -------------, како и нерегуларности во делот на набавките и располагањето со средствата во насока на нивно користење од страна на како што се вели во пријавата, приватни лица заради личен интерес и други интереси, но без конкретни докази или насоки како можат истите да бидат обезбедени.

Заради тоа, по разгледувањето на пријавата ДКСК се обрати до подносителот на пријавата преку електронска пошта со цел обезбедување на дополнителни конкретни информации во врска со укажувањата во пријавата.

Пријавителот -------------- во два наврати достави објаснување во кои се нафрлени неповрзани информации за сомнежи по работењето и постапувањето во ЈП -----------, --------------

, без притоа конкретно да укаже за сторена повреда на Законот за спречување на корупција и судирот на интереси или на други закони.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава утврди дека нема укажувања за конкретни коруптивни елементи од страна на подносителот на пријавата.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК